НСДП
НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

# С Т А Т У Т
# НА
# ОЖ НА НСДП

**Скопје,април 2007 година**

Согласно член 12 од Статутот на Нова социјалдемократска партија-НСДП, иницијативниот одбор на жените на НСДП на Конференцијата на женската организација, одржана на ден 21.04.2007, во Скопје, го усвои следниот:

# С Т А Т У Т

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Име, скратено име и седиште на организацијата

Член 1

Името на организацијата е Организација на жените на Нова социјдемократска партија.

Скратеното име на организацијата ОЖ на НСДП .

Член 2

Организацијата на жените на Нова социјалдемократска партија е со седиште во Скопје, на ул. "Даме Груев" бр. 5.

### 2. Основи и цели на организирање на жените во НСДП

Член 3

Организацијата на жените на Нова социјалдемократска партија (во натамошниот текст ОЖ на НСДП) е интересовен облик на организирање на женското членство во НСДП заради заедничко дејствување врз програмските определби на НСДП дефинирани во Статутот на НСДП како и на следниве прашања:

- социјлната заштита на жената;
- здравствена заштита на жената;
- вработување на жената;
- едукација;
- еманципација;
- политичка моќ на жената.

Содржината од овој член подетално ќе се разработуваат во Програмата и во други документи на организацијата на жените на НСДП.

Член 4

ОЖ на НСДП ги почитува целите на НСДП дефинирани во Статутот. Покрај нив ги има и следниве цели:

- згрижување на самохрани мајки;
- заштита и унапредување на правата на семејствата на лица со посебни потреби;
- мерки и заштита за спречување на насилство врз жената;
- борба против трговија со жени;
- зголемување на правата од примарна здраствена заштита;
- задолжителни бесплатни прегледи;
- зголемување на правата на мајчинството;

- посредување при вработување преку специјализирани агенции;
- стимулирање на женско претприемаштво;
- превземање на мерки за реализирање на задолжително образование на жената;
- организирање на бесплатни семинари, курсеви и преквалификации;
- подигање на свеста за улогата на жената во сите сфери на општествениот живот
- вклучување на жените во општествено - политичкиот живот во земјата;
- јакнење на улогата на жената во јавното застапување, вмрежување, лобирање и соработката со сите институции.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Облици на дејствување

Член 5

ОЖ на НСДП дејствува преку соодветни облици на организационо повторување: органи и работни тела, преку поединечната активност на своите членови, преку соработка со Организацијата на жените на Македонија - СОЖМ, Организацијата на жените на Македонија - ОЖМ, Македонското женско лоби, облици на дејствување на жените со другите политичките партии, женски невладини организации, како и низ други форми и начини на демократско дејствување во општеството.

Во остварувањето на своите цели, ОЖ на НСДП користи демократски, парламентарни и вонпарламентарни средства и се противи на недемократските, или други насилни методи.

ОЖ на НСДП ќе соработува со другите политички партии во Македонија и во странство, особено со оние кои имаат блиски програмски и политички определби и цели.

### 2. Членство

Член 6

Во работата на ОЖ на НСДП учествуваат сите жени членки на НСДП кои ги прифаќаат одредбите на овој Статут.

Член 7

Членките на ОЖ на НСДП ги имаат истите права и обврски од Статутот на НСДП како и :

-да учествуваат во утврдувањето на програмата на ОЖ на НСДП

- да избираат и да биде избрани во сите органи на ОЖ на НСДП

- да извршуваат активности во согласност со овој Статут.

Член 8

Членувањето во ОЖ на НСДП престанува со престанувањето на членувањето во НСДП дефинирано во член 8 од Статутот на НСДП.

Член 9

Во активностите на ОЖ на НСДП можат да соработуваат и партиски неопределени жени - симпатизерки на Партијата, кои можат да учествуваат и на седници на органите и во работните тела на Партијата, но без право на одлучување и без активно и пасивно бирачко право.

## 3. Претставување, застапување и јавност во работата на НСДП

Член 10

Претседателката на ОЖ наНСДП, врз основа на посебна одлука усвоена на Конференцијата на ОЖ на НСДП, ја претставува и застапува Организацијата во рамките на нејзината редовна активност, а надвор од тоа врз основа на посебна одлука на надлежен партиски орган.

Претседателката на ОЖ на НСДП, во границите на своите овластувања, може да овласти и други лица како застапници.

Член 11

Работата на ОЖ на НСДП е транспарентна.

За транспарентноста во работата на ОЖ се грижи Претседателката односно Претседателството на ОЖ на НСДП.

## 4. Организациона структура и органи на ОЖ на НСДП

Член 12

Принципот на организирање на ОЖ на НСДП е врз основа на територијално организирање.

Член 13

Членството е организирано во: ***месни, општински*** и во ***републичка организација на ОЖ на НСДП .***

Член 14

***Месната организација на ОЖ на НСДП*** е основна форма на организирање во која, на определено избирачко место, се реализираат политичката волја и правата и обврските на членките, утврдени во овој Статут.

Член 15

Одлука за основање месна организација на ООЖ на НСДП донесува Председателството на ООЖ НСДП при што услов за формирање на месна организација е минимален број од 5 членки членки.

Месната организација се состанува редовно, најмалку еднаш во три месеци. Примерок од записникот воден на состанокот се доставува до Претседателството на ООЖ (Општинска

организација на жените) на НСДП. За активностите и вкупното дејствување на членките на подрачјето на месната организација, се изготвува годишен извештај кој е предмет на оценка на состаноците на месната организација и на органите на ООЖ на НСДП.

Член 16

Членките на месната организација одржуваат изборен состанок на кој избираат претседателка на месната организација . Мандатот на Претседателката на месната организација трае три години, со право на повторен избор.

Член 17

Месната организација на ООЖ може полноважно да расправа и да одлучува ако на нејзините состаноци присуствуваат најмалку една третина од членките на организацијата.

Одлуките, ставовите и предлозите на состаноците на месните организации на ООЖ се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните.

Член 18

Претседателката на месната организација е должна, во соработка со Претседателството на ООЖ да обезбеди услови за остварување на правата и обврските на членките што произлегуваат од овој Статут.

Член 19

***Општинската организација на ОЖ на НСДП*** е форма на поврзување и дејствување на месните организации, односно на членките од подрачјето на општината.

Минималниот број на членки за основање на ООЖ на НСДП е 20 кои се, истовремено и членки на Конференцијата на ООЖ.

Одлука за основање и престанок на дејствување на ООЖ на НСДП донесува Претседателтвото ОЖ на НСДП.

Член 20

Претседателството на ОЖ на НСДП може со своја одлука да основа регионални и други облици на поврзување и дејствување на ООЖ, а нивните надлежности се утврдуваат со одлуката за основање.

Член 21

Органи на ООЖ на НСДП се: *Конференција, претседателка , претседателство.*

Член 22

*Конференцијата* е највисок орган на ООЖ и ја формираат:

- претседателката на ООЖ;
- членките на ООЖ;

- по една делегатка на определен број членки од месните организации на организацијата на жените, утврдено со одлуката за свикување на Конференцијата;

- советничките на НСДП во Советот на општината;

- членките на Претседателството на ОЖ на НСДП , пратеничките ,и наименуваните членки во извршната власт , и градоначалничката, доколку е од редовите на НСДП, претставничка од НСДМ.

Член 23

Конференцијата на ООЖ се свикува најмалку еднаш годишно, со одлука на Претседателство на ООЖ, а секоја трета година се состанува на изборна седница.

Доколку на избраните органи на ООЖ на НСДП не им се изгласа доверба, во рок од 30 дена, се закажува вонредна изборна конференција за избор на нови органи чиј мандат трае до крајот на мандатот на Конференцијата.

Председателството ја свикува Конференцијата и по барање на , Претседателката на ООЖ НСДП или најмалку 1/3 од месните организации.на ООЖ НСДП.

Конференцијата на ООЖ може да ја свика и Претседателот на ОО НСДП или Претседателката на ООЖ на НСДП, доколку Председателството на ООЖ , во рок од 2 месеца, не постапи во согласност со став 3 од овој член.

Одлуката за свикување на Конференцијата се објавува најмалку 15 дена пред денот на нејзиното одржување.

Мандатот на делегатките избрани од месните организации за изборната седница на Конференцијата трае три години.

Мандатот на делегатите со кои се прават замени, дополнување и проширување во составот на Конференцијата е во рамките на тригодишниот мандат на Конференција.

Член 24

Конференцијата на ООЖ ги има следните права и обврски:

- учествува во градењето и остварувањето на програмата на Партијата;
- избира претседателката, членови на Претседателството на ООЖ
- избира делегатки за Конференцијата на ОЖ на НСДП
- предлага кандидати за органите на ОЖ на НСДП
- расправа за извештаите на органите на НСДП;
- донесува деловник за својата работа;
- по потреба, разгледува и други прашања сврзани со работата на Партијата.

Член 25

*Претседателката* на ООЖ НСДПги остварува следниве права и обврски:

- ја претставува и застапува ООЖ НСДП;
- ги свикува и раководи со состаноците на ООЖ НСДП;

- раководи со ООЖ НСДП, меѓу седниците на Претседателството на ООЖ НСДП

- ги свикува и претседава со седниците на Претседателствто на ООЖ НСДП

- еднаш годишно поднесува извештај до Конференцијата на ООЖ на НСДП;

Мандатот на претседателката трае три години, со право на повторен избор.

Член 26

*Претседателството на ООЖ* НСДП *ја сочинуваат:*

- Претседателката на ООЖ НСДП;

- девет до петнаесет членки на Претседателство на ООЖ НСДП што ги избира Конференцијата.

Во работата на ООЖ на НСДП, по потреба, учествуваат: членките на Претседателството на ОЖ на НСДП и членките на ЦО на НСДП, без право на одлучување.

Мандатот на членките на Претседателството на ООЖ НСДП трае три години, со право на повторен избор.

Член 27

*Претседателството на ООЖ* НСДП е извршен орган кој ги остварува истите права и обврски од член 28 од Статутот.

- раководи со ООЖ НСДП меѓу две конференции;

- се грижи за извршување на одлуките на Конференцијата и на повисоките органи на Партијата;

- согласно член 15 став 2 од овој Статут донесува одлука за основање, односно престанок на месна организација;

- донесува Деловник за својата работа;

-еднаш годишно поднесува извештај до Конференцијата на ООЖ НСДП.

Член 28

Седниците на Председателството на ООЖ НСДП ги свикува и со нив претседава претседателката на ООЖ НСДП или друга членка на Претседателството на ООЖ НСДП кога тоа е предвидено со Деловникот за работа.

Седница на Претседателство може да биде свикана и по барање на 1/3 од членките на Претседателството и седница на Претседателството може да биде свикана и по барање на ОО НСДП..

Седници на Председателството на ООЖ на НСДП се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш месечно.

Член 29

Правата и обврските на претседателката на ООЖ НСДП и на членките на Претседателството се уредуваат со деловник, врз основа на овој Статут.

Член 30

***Републички органи на ОЖ на НСДП се***: *Конференција, Претседателка и Председателство.*

Член 31

*Конференцијата на ОЖ на НСДП* ја формираат:

- претседателката на ОЖ на НСДП ;
- членовите на Председателството на ОЖ на НСДП-претседателките на ООЖ НСДП и претставничката на Нова социјалдемократска младина на НСДП;
- по една делегатка на определен број членки од ООЖ на НСДП, утврден со одлуката за свикување на Конференција;
- членките на Парламентарната група на НСДП, членките во извршната власт од НСДП.

Член 32

*Конференцијата на ОЖ на НСДП* е највисок орган на ОЖ на НСДП.

Конференцијата се состанува еднаш годишно.

Одлука за свикување на Конференција донесува Претседателството.

Член 33

*Конференцијата на ОЖ на НСДП ги извршува следните обврски:*

- донесува Програма и Статут на ОЖ;
- го одобрува Извештајот за работата на органите меѓу две Конференции;
- го утврдува бројот на членовите на органите и носителите на функции на ОЖ на НСДП;
- избира Претседателка на ОЖ на НСДП ;
- избира членови на Претседателството
- донесува Деловник за својата работа.

Член 34

*Претседателката ОЖ на НСДП ги има следните права и обврски:*

- ја претставува и застапува ОЖ ;
- раководи со ОЖ меѓу седниците на нејзините органи;
- учествува во градењето на политиката на НСДП;
- ги свикува седниците на Претседателството

Мандатот на претседателката на ОЖ на НСДП трае три години, со право на повторен избор.

Член 35

*Претседателството на ОЖ на НСДП* го формираат:

- Претседателката на организацијата;
- од 31 до 35 членки на Претседателството што ги избира Конференција.

Мандатот на членовите на Претседателството трае три години, со право на повторен избор.

Член 36

Претседателството на ОЖ на НСДП е највисок орган на ОЖ меѓу две Конференции, кое меѓу другото, ги извршува следните обврски:

- раководи со ОЖ меѓу две конференции и се грижи за извршување на неговите одлуки;

- им предлага на Конгресот кандидатки за избор на пратенички во Собранието на Република Македонија како и кандидатки за внатрешно-партиските избори;

- се грижи за учество во изборите, имајќи ги предвид програмските определби за соодветно почитување на релевантните критериуми во процесот на кандидирање;

- ја утврдува одговорноста на носителите на функции што ги избира;;

- донесува Деловник за својата работа.

Член 37

Седниците на Претседателството ОЖ на НСДП ги свикува и со нив претседава претседателката ОЖ на НСДП

Во случај на отсуство на претседателката, седниците може да ги свикува членка на Претседателството, кога тоа е предвидено со Деловникот за работа на Претседателството .

Седница на Претседателство на ОЖ на НСДП може да биде свика и Председателот на НСДП

На седниците на Претседателството се поканувaат членките на Парламентарната група, членките на извршната власт од листата на НСДП, преставничката на Нова социјалдемократската младина на НСДП, без право на одлучување.

## 5. Начин на одлучување

Член 38

Органите на ОЖ на НСДП полноважно одлучуваат ако на состаноците се присутни повеќе од половината од членките кои ги сочинуваат органите, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

Ако за исто прашање постојат повеќе предлози, за усвоен се смета оној предлог што добил мнозинство гласови од присутните.

Со Деловникот за работа, или со посебна одлука, може да се предвиди и посебна постапка за усвојување на одлуките во повеќе кругови на изјаснување, при што во процесот на изјаснување отпаѓаат предлозите со најмал број гласови, се додека со изјаснувањето не се утврди дали некој од предлозите добил мнозинство гласови од присутните.

Ако при изјаснувањето значително малцинство, односно најмалку 30% од вкупниот број членови на органот се изјасни против донесувањето на одлуката, или се воздржани, донесувањето на одлуката се одложува до наредната седница на соодветниот орган, кој и тогаш одлуката ја донесува со мнозинство гласови.

### 6. Избори и отповикување

Член 39

Постапката, начинот и критериумите за кандидирање и избор на членките во органите и носителите на функции во органите се утврдуваат со одлука на Претседателството.

Со одлука на Претседателството се утврдуваат критериумите и принципот на деакумулација на функции.

Член 40

Изборот на носителите на функции во ОЖ на НСДП се врши со тајно гласање.

Избрани се оние кандидатки кои добиле најголем број гласови, односно мнозинство од присутните, но, притоа, мора да имаат повеќе од 1/3 гласови од вкупниот број на членките на избирачкото тело.

Член 41

Изборот на членките на органите на НСДП се врши со тајно гласање.

Избрани се оние кандидатки кои добиле најголем број гласови, но притоа мора да има повеќе од 1/3 гласови од вкупниот број на членките на избирачкото тело.

Ако при гласањето не е избран потребниот број членови на органот, дополнително се избираат онолку кандидатки колку што е потребно за да се пополни составот на органот, на начин што се определува со деловник, или што ќе го утврди избирачкото тело.

Член 42

На органите на ОЖ на НСДП им е изгласана недоверба ако за таквата одлука гласале повеќе од половината од присутните, но не помалку од 1/3 од вкупниот број на гласачкото тело.

Во случај на изгласана недоверба, органите продолжуваат да ги извршуваат своите функции дефинирани со Статутот на ОЖ на НСДП, до рокот утврден за избор на нов состав.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 43

Измените и дополнувањето на овој Статут ги врши Конференција на ОЖ на НСДП, со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членки .

Член 44

Статутот влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседателка на ОЖ на НСДП
Соња Мираковска